Врз основа на член 184 точка б, а во врска со член 223-а од Законот за хартии од вредност ("Службен весник на Република Македонија" број 95 /2005, ......... и 83/2018 година), член 23, став 4 од Законот за заштита на личните податоци ("Службен весник на Република Македонија" број 7/05 …… 64/18), а во врска со член 10, став 2, алинеа 5 од Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци (Службен весник на Република Македонија број 38/2009) Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија на седницата одржана на 10.06.2019 година донесе

# ПРАВИЛА
## за начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување, како и за повторно враќање на зачуваните лични податоци

### Член 1

Со Правилата за начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување, како и за повторно враќање на зачуваните лични податоци се пропишува начинот за правење на сигурносна копија, архивирање и чување, како и за повторно враќање на зачуваните лични податоци кои се обработуваат во Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Комисија) во својство на контролор.

### Член 2

Комисијата врши редовно снимање на сигурносна копија и архивирање на податоците во информацискиот систем за да се спречи нивно губење или уништување и заради нивно зачувување за нивна идна обработка за потребите на Комисијата.

### Член 3

За правење на сигурносни копии на податоците Комисијата располага со електронска и комуникациска опрема, поточно со сервер на кој е инсталиран софтвер за бекап на податоци, при што постојано автоматски се меморираат внесените податоци. Овој сервер ги зачувува податоците на NAS уред (Network Attached Storage).
Во случај на пад на информацискиот систем или негово оштетување од каква било причина, се овозможува сите податоци да останат зачувани на NAS уредот.

### Член 4

Заради заштита од неовластен пристап до податоците на серверот на кој е инсталиран софтверот за бекап на податоци и NAS уредот на кој се зачувуваат податоците, истите се сместени во посебна безбедна просторија заштитена со сигурносна брава до која имаат пристап само овластени лица од Комисијата.

**Член 5**

Податоците се бекапираат еднаш неделно на NAS уредот и таму се чуваат еден месец. Сите сервери се бекапираат како виртуелни машини. Во случај на пад на информацискиот систем на Комисијата, се враќаат податоците кои претходно биле зачувани на NAS уредот.

**Член 6**

При повторно враќање на зачуваните лични податоци се врши евидентирање на овластеното лице кое е овластено за извршување на операциите за повторно враќање на податоците, датумот на враќањето на податоците, категориите на податоците кои се вратени и кои биле рачно внесени при враќањето.

**Член 7**

Овие Правила влегуваат во сила со денот на нивното донесување. Со влегувањето во сила на овие Правила, престануваат да важат Правилата бр. 03-1562/1 од 17.06.2011 година.

**Број 03-643/1**
**Скопје, 10.06.2019 година**

**Комисија за хартии од вредност на**
**Република Северна Македонија**
**Претседател**
**Mr.Sc. Nora Aliti с.р.**